

Димитрие **МАНЕВСКИ**

# ДАЈТЕ МУЗИКА!!!

На моменти навистина е тешко да се биде Македонец. Веројатно, историски гледано, оваа констатација многу пати е докажана, но овој пат не ја употребувам во тој контекст. Сега таа не се однесува на војните, прогонствата, неправдите и тортурите во кои нашиот народ против своја волја бил вовлечен и чија жртва бил. Овој пат ситуацијата е поинаква, бидејќи станува тешко да се биде Македонец заради внатрешните состојби кои владеат кај нас.

Би било малку доколку кажам дека од авион се гледа колку всушност економски и политички е кревка нашата држава. Тоа веројатно се гледа и од некоја далечна точка во Вселената, која е оддалечена милиони светлосни години од нас.

Секако, политичката и економската нестабилност се заемно зависни и многу директно поврзани и испреплетени, односно може да се каже дека произлегуваат една од друга и заеднички се движат во позитивна или во негативна насока.

Примерот за нашата политичка нестабилност веројатно е еден од најуникатните во светот. Во ситуација во која една коалиција на изборите освојува апсолутно мнозинство, кај нас постои политичка нестабилност. За некого од страна можеби тоа би било дефиниција за иронија, меѓутоа тој не е во наша кожа и не може да го разбере "фасцинантниот" сплет на околности во кои безброј странски фактори, посредници, олеснувачи, внатрешни "генијалци", профитери, терористи, неизбежни "кодоши" и ред други успеаја да зготват таква турли тава, што ни Џејми Оливер не може да ја разбере.

Причини и мотиви за ваквата состојба има многу. Доколку се обидам да направам некаква селекција и сортирање веројатно ќе доживеам неуспех затоа што за хронолошко типизирање на македонската политичка сцена не би се нафатил ниту Харвардскиот универзитет. Меѓутоа, постојат некои пропусти, поточно кажано дефекти во нашиот уставно правен систем, кои со сигурност се директни причинители на денешните состојби.

Поставеноста на државните власти и нивните меѓусебни релации секако се еден од основните причинители за системската блокада, која многу пати досега ни се случила. Веројатно во обидот да се воспостави систем на меѓусебна контрола и рамнотежа меѓу властите, уставотворците доживеале хуманитарна екстаза, па вовеле еден, така да речам, ранлив момент, а тоа е кохабитацијата. Мое лично убедување е дека освен во семејството и во пријателството, кохабитацијата не е можна во ниедна друга ситуација. "Резерви" на добра волја кај луѓето, а особено добра волја на луѓето на власт, има помалку отколку што Македонија има резерви на нафта.



**ДЕТЕТО ПРЕРАСНУВА ВО ВОЗРАСЕН ЧОВЕК КОГА СФАЌА ДЕКА ИМА ПРАВО НЕ САМО ДА БИДЕ ВО ПРАВО, ТУКУ И ДА ПОГРЕШИ.**
***ТОМАС ШАШ***

Проблемот настанува во ситуациите во кои крајниот исход зависи од кохабитацијата, а такви има многу. Без разлика дали станува збор за избор и за назначување на судии, именување на дипломатски претставници, градење на државни позиции, донесување на закони... секое време кое е изгубено во договарање и преговарање е непотребно и во одредени случаи може да предизвика сериозни последици.

Ваквата поставеност на државните власти би била добредојдена и пожелна во земјите кои се во далеку понапреден стадиум на развој на општеството во целина, меѓутоа за земја каква што е Македонија, секој ден изгубен во меѓусебни препукувања и судири на суети е чекор наназад.

Меѓутоа, од друга страна, пак, кога ги набљудувам нашите политички протагонисти како секојдневно си префрлуваат, си подметнуваат и се натегнуваат, иако сум млад уште повеќе се подмладувам. Се подмладувам затоа што гледајќи ги се сеќавам на деновите од прво до четврто одделение, кои ги поминував во целодневна настава.

И тие, како и јас тогаш, имаат свест на првоодделенци, карактер на второачиња, знаат да комуницираат како да се во трето, а како четвртоодделенци не сакаат да пораснат затоа што во петто има повеќе предмети и е потешко. Сигурно би било добар бизнис доколку ова се понуди како третман за духовно подмладување, ќе има голем број барања за прием во македонското државјанство.

Единствено што ми недостасува во целата оваа состојба е строгата учителка. Веројатно заради тој недостаток "дечињава" никако да пораснат.

Се надевам дека знаете кој во целата оваа приказна би требало да биде учителка. А сигурен сум дека ги разбравте иронијата и сатиричноста, затоа што тоа е единствениот начин на кој ние Македонците можеме да живееме со нашето време.